# ВИШ УПРАВЕН СУД

## СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## Бр. 5

**СКОПЈЕ**

**Јули 2014 година**

ИЗДАВАЧ:

Виш управен суд

РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

Претседател на одборот:

Розалиа Кочковска – Претседател на Виш Управен суд

Членови на одборот:

Виолета Илиевска, Владанка Панчурова Сулејманова, Лидија Георгиевска– Судии во Виш Управен суд

Судии на Виш управен суд: Виолета Илиевска, Анита Данилова, Владанка Панчурова Сулејманова, Загорка Тноковска, Лидија Георгиевска, Светлана Костова, Мирјана Василевска, Дијана Димитрова, Фани Илиевска

Благодарност до сите што учествуваа во изготвувањето на овој Билтен.

# С О Д Р Ж И Н А

В О В Е Д 4

С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за имотно – правна област и други права 5

С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права 12

С Е Н Т Е Н Ц И од специјализираниот судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права 21

# В О В Е Д

Работата по предметите во Вишиот управен суд, се одвива во три специјализирани судски оддели: специјализиран судски оддел за имотно – правна област и други права; специјализиран судски оддел за пензии, права од пензиско и инвалидско осигурување и други права и специјализиран судски оддел за финансиски, царински, даночни и други права.

Судиите во Вишиот управен суд покрај предметното работење во специјализираните судски оддели разгледуваат и прашања од интерес за работата на сите совети, прашања во однос на примената на законите во соодветните области и унапредување на методот на работата.

Вишиот управен суд врши квартални редовни и вонредни посети на Управниот суд заради увид во неговата работа, како и за прибирање податоци во врска со примената на законите, следењето и воедначувањето на судската практика и други податоци.

Како резултат на тие активности издвоени се покарактеристични одлуки донесени од страна на Вишиот управен суд, а кои можат да бидат од интерес за понатамошната работа на управното судство, како и од интерес за правилна и единствена примена на законите и другите подзаконски акти.

Овие одлуки се обработени и систематизирани по оддели и истите претставуваат содржина на Билтенот бр.5 на Вишиот управен суд.

# С Е Н Т Е Н Ц И

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ИМОТНО – ПРАВНА ОБЛАСТ И ДРУГИ ПРАВА

### I Упрж.бр.409/2014 од 26.06.2014 година – прекршок

Одлука на судот од областа на царинските прекршоци, во случај кога претходно со Решение на Царинската управа, поради сторен царински прекршок се одземаат подвижни предмети.

***Од образложението:***

Жалбата е основана.

Управниот суд со Пресуда Упр.бр. од година тужбата на тужителот С. М. од Битола ја уважил, оспореното решение на Комисијата за одлучување по прекршок во Царинарница Битола при Царинската управа на Република Македонија Прк.бр. од година го поништил и одлучил дека прекршочната постапка поведена со Барање за поведување прекршочна постапка на Министерството за внатрешни работи, Сектор за внатрешни работи Битола ОКР, ООК бр. од година, против тужителот С М од Битола, за прекршок по член 265 став 3 во врска со став 1 и во врска со член 263 став 1 точка 8 од Царинскиот закон се запира.

Постапувајќи по Барањето на тужениот орган од 16.11.2012 година за донесување на дополнителна пресуда, Управниот суд со Дополнително решение Упр.бр. од година Барањето на тужениот орган Комисија за одлучување по прекршок, Царинарница Битола, Царинска управа за донесување на дополна одлука за одземените предмети во прекршочната постапка го уважил, Пресудата на Управниот суд Упр.бр. од година ја дополнил во изреката на начин што по став 3 се додава нов став кој гласи: одземениот предмет патничко моторно возило „Опел Аскона“ тип 1.8 Е со број на шасија со регистарски таблички број BT 653 CV, по сообраќајна книшка МК, сопственост на тужителот С М не се враќа и со став 4 од дополнителното решение, Управниот суд решил дека решението е составен дел на пресудата на Управниот суд Упр.бр. од година, која во останатио дел останува неизменета.

Вишиот управен суд најде дека решението на Управниот суд е незаконито.

Во член 7-а од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 62/06 и 150/10) е предвидено дека доколку овој закон не содржи одредби за постапката во управните спорови, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за парничната постапка.

Согласно член 101 став 2 од Законот за парничната постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 7905, 110/08, 83/09 и 116/10), ако поднесокот е неразбирлив или не го содржи сето она што е потребно да се постапи по него, судот ќе му укаже на подносителот кој нема полномошник да го исправи поднесокот. Според став 3 од истиот член, кога судот ќе му го врати поднесокот на подносителот од став 2 на овој член, заради исправка или дополнение, ќе определи рок за повторно поднесување на поднесокот кој не може да биде подолг од осум дена. Според став 4 од истиот член, ако поднесокот што е врзан за рок биде исправен, односно дополнет и предаден на судот во рокот определен за дополнение или исправка, ќе се смета дека му е поднесен на судот оној ден кога прв пат бил поднесен. Согласно став 5 од истиот член, ќе се смета дека поднесокот е повлечен ако не му биде вратен на судот во определениот рок, а ако биде вратен без исправка, односно дополнение ќе се отфрли.

Според член 328 став 1 од истиот закон, ако судот пропуштил да одлучи за сите барање за кои мора да се одлучи со пресудата или пропуштил да одлучи за дел од барањето, странката може во рок од 15 дена од приемот на пресудата да му предложи на парничниот суд да се изврши дополнување на пресудата. Согласно став 2 од истиот член, претседателот на советот ќе отфрли, односно ќе одбие, без одржување на рочиште, ненавремен или неоснован предлог за дополнување на пресудата.

Вишиот управен суд смета дека Управниот суд при донесувањето на обжаленото решение направил суштествена повреда на одредбите на постапката од член 42-г став 1 од Законот за управните спорови, бидејќи судот во текот на постпаката неправилно ги применил одредбите од Законот за парничната постапка кои се однесуваат на барањето за дополнување на пресудата на управниот суд, а во врска со недостатоците на поднесокот со кој било истакнато ова барање од страна на тужениот орган, а тоа влијаело или можело да има влијание врз донесување на законита и правилна одлука.

Со оглед на фактот да Законот за управните спорови не содржи одредби кои се однесуваат на барање на странката за дополнување на пресудата на Управниот суд како првостепен суд, а освен одредбите за тужбата и отстранување на недостатоците на тужбата, овој закон не содржи ниту одредби кои се однесуваат на содржината на поднесоците и начинот на отстранување на недостатоците на истите, Вишиот управен суд смета дека Управниот суд неправилно ги применил одредбите од член 328 и член 101 од Законот за парничната постапа, а воврска со член 7-а од Законот за управните спорови, кога го донел дополнителното решение без притоа да бара од подносителот на барањето претходно да ги отстрани недостатоците, кои според мислење на судот ги содржел поднесокот, односно да му даде можност на подносителот истите да бидат отстранети, па дури потоа во зависност од постапувањето на подносителот да донесе одлука во смисла на член 101 став 4 и 5 од Законот за парничната постапка.

Од овие причини Вишиот управен суд најде дека обжаленото решение на Управниот суд треба да се укине поради суштествена повреда на одредбите

на постапката од член 42-г став 1 од Зкаонот за управните спорови и предметот да се врати на повторно постапување и одлучување пред Управниот суд.

При повторното постапување и одлучување, Управниот суд треба да ги има во предвид укажувањата од страна на овој суд, да постапи согласно цитираните одредби од Законот за парничната постапка, да одлучи по барањето за дополнување на пресудата поднесено од тужениот орган до Управниот суд, при тоа да ги има во предвид напред цитираните законски одредби, со сигурност да утврди дали барањето за донесување на дополнителна пресуда е поднесено од овластено лице, па дури потоа да одлучи дали се исполнети условите од член 328 за донесување на дополнителна пресуда.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на решението согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 370 став 1 точка 3 од Законот за парничната постапка.

## II УЖ-1.бр.218/2014 од 22.05.2014 година – размена на земјоделско земјиште

Одлука на судот која се однесува на размена на земјоделско земјиште. Не се дозволува размена на земјоделско земјиште во случај кога едната парцела се наоѓа во градежен реон.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Видно од списите на предметот, постапувајќи по барањето на тужителот В. М. од с. Брвеница, Тетово, бр. од година за размена на земјоделско земјиште во сопственост на тужителот со земјоделско земјиште во државна сопственост, евидентирано во ИЛ.бр. за КО Брвеница како КП.бр. култура нива класа 3 во м.в. Амајлии со површина од 4.339м2 со земјоделско земјиште во државна сопственост евидентирано во ИЛ.бр. за КО Брвеница како КП.бр. во м.в. Тресовица култура нива класа 2 со површина од 1.500 м2, тужениот орган го донел оспореното решение бр. од година со кое барањето на тужителот било одбиено како неосновано. На овој начин тужениот орган одлучил затоа што утврдил дека парцелите кои се предмет на размена се наоѓаат во градежниот реон на село Брвеница, па како такви не можат да бидат предмет на оваа постапка, повикувајќи се на одредбите од член 16 од Законот за земјоделско земјиште и член 3 точка 7 од Правилникот за формата и содржината на образецот од барањето за размена на земјоделско земјиште.

Против наведеното решение тужителот поднел тужба до Управниот суд кој со Пресуда У-3.бр. од година истата ја одбил како неоснована, наоѓајќи дека постапката пред тужениот орган е правилно спроведена и со оспореното

решение не е сторена повреда на одредбите на материјалниот закон, поради што истото е законито.

Вишиот управен суд наоѓа дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Имено, согласно член 16 став 1 од Законот за земјоделско земјиште („Службен весник на Република Македонија“ број 135/2007 и број 18/2011), заради окрупнување на земјоделските парцели, земјоделското земјиште во државна сопственост може да се размени со земјоделско земјиште во приватна сопставеност. Во став 2 од истиот член на истиот закон, е наведено дека размена може да се врши само кога парцелите во приватна сопственост кои се предмет на размена граничат со парцелите во државна сопственост. Во став 4 од истиот член на истиот закон, е наведено дека постапката за размена на земјоделско земјиште ја спроведува Министерството по барање на заинтересирано лице или по службена должност.

Во членот 3 точка 7 од Правилникот за формата и содржината на образецот од барањето за размена на земјоделско земјиште(„Службен весник на Република Македонија“ број 12/2008 и 93/2011), е наведено дека кон барањето од член 2 на овој правилник се приложува и следната документација: физички лица - копие од важечка лична карта или патна исправа, за правни лица - тековна состојба на правното лице издадена од Централниот регистар на РМ, не постара од еден месец. Доказ за сопственост на земјоделското земјиште кое се отстапува за размена и земјоделското земјиште кое граничи со земјоделското земјиште во државна сопственост што се бара за размена и тоа: Имотен лист не постар од еден месец или поседовен лист со доказ за сопственост (договор за купопродажба, договор за дар, договор за размена, договор за доживотна издршка, договор за отстапување на имот за време на живот, правосилна судска одлука, правосилен акт од државен орган на управата). Копие од катастарски план на земјоделското земјиште кое е предмет на размена. Скици за местоположбата на земјоделското земјиште кое е предмет на размена издадени од Државниот завод за геодетски работи - Одделение за премер и катастар во општината каде што се наоѓа земјоделското земјиште. Решение за утврдената пазарна вредност на земјоделското земјиште кое е предмет на размена издадено од општината каде што се наоѓа земјоделското земјиште. Потврда од надлеѓниот основен суд дека врз земјоделското земјиште во сопственост на барателот нема засновано заложно право доколку како доказ за сопственост се доставува поседовен лист. Изјава заверена од нотар дека во случај кога државното земјоделско земјиште има пониска пазарна вредност од сопственото кое е предмет на размена, нема да бара надомест за разлика во вредноста. Доказ дека земјоделското земјиште кое е предмет на размена не се наоѓа во градежен реон и доказ дека за земјоделското земјиште кое е предмет на размена не се води постапка за денационализација.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби и неспорно утврдениот факт од приложеното Уверение на Општина Брвеница бр. од година дека предметната КП.бр. се наоѓа во градежниот реон на село Брвеница согласно Генералниот урбанистички план на село Брвеница усвоен со Одлука бр.07-64/4 од година, правилно било утврдено дека не биле исполнети условите да се

изврши размената на земјоделско земјиште предложена од страна на тужителот.

При ваква состојба на работите Вишиот управен суд наоѓа дека е правилна одлуката на Управниот суд со која тужбата е одбиена како неоснована со оглед да тужениот орган во управната постапка правилно ја утврдил фактичката состојба и со оспореното решение не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд ги ценеше наводите во жалбата со кои се укажува на сторени повреди на постапката, но најде дека истите се неосновани затоа што Управниот суд во побиваната пресуда дал доволно јасни и образложени причини за решителните факти од кои се раководел при одлучувањето по тужбата во управно судскиот спор. Наводите во жалбата во однос на погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба во кои се изнесува хронологијата на промените која била воспоставена во однос на предмените катастарски парцели, овој суд најде дека се неосновани од причинина што постапувајќи по барањето за размена на земјоделско земјиште, правилно тужениот орган се ограничил на утврдување на оние факти кои се од значење за одлучување по барањето, а Управниот суд така утврдената фактичка состојба ја прифатил за правилна со оглед да истата во целост произлегува од доказите и списите приложени кон предметот, па оттаму овие наводи најде дека се без значење за донесување поинаква одлука.

Од овие причини Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 357 од Законот за парничната постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

## III УЖ-1.бр.224/2014 од 26.06.2014 година – денационализација

Одлука на судот која се однесува на неблаговремено поднесено Барање на денационализација.

***Од образложението***:

Жалбата е основана.

Во постапката за денационализација првостепениот орган со решение ДН.Бр. од година, донесено во повторна постапка, барањето за денационализација поднесено од барателот за денационализација Н.И. од Скопје, за недвижен имот кој се состоел од земјиште - КП.бр. КО Скопје во површина од 16.000 м2 и КП.бр. КО Бутел во површина од 33.000 м2, одземени со Решение за експропријација Е.бр. година, делумно го уважил и на барателот му вратил во сопственост дел од поранешна КП.бр. КО Бутел во вкупна површина од 32.308м2 што денес претставува дел од КП.бр. КО Бутел во површина од 12.731 м2 запишана во ИЛ.бр. на име Земјоделски институт, дел од КП.бр. КО Бутел во површина од 904 м2, запишана во ИЛ.бр. на име Земјоделски институт, дел од КП.бр. КО Бутел во површина од 17.768 м2

запишана во ИЛ.бр. на име Земјоделски институт, дел од КП.бр. КО Бутел во површна од 702 м2 запишана во ИЛ.бр. на име Земјоделски институт, дел од КП.бр. КО Бутел во површна од 203 м2 запишана во ИЛ.бр. на име Земјоделски институт и дел од поранешна КП.бр. КО Скопје во вкупна површина од 16.000 м2 евидентирана како нива од 4-та класа во ПЛ.бр. на име РМ - Лозов расадник - Чаирско поле. Со истото решение барателот е задолжен да го врати примениот надоместок за земјиштето кое се враќа во сопственост во вкупна површина од 48.308 м2 согласно валутираната вредност на примениот надомест во вкупен износ од 94.528,00 денари. Барањето кое се однесувало за преостанатиот дел од поранешната КП.бр. КО Бутел во површина од 692 м2, за која површина било утврдено дека не може да биде предмет на реално враќање, а за кое поранешниот сопственик примил надомест, е одбиено како неосновано.

Решението е донесено по разгледувањето на доставените докази кон барањето и прибавените по службена должност од Комисијата, при што било утврдено дека за наведениот недвижен имот одземен со цитираниот акт за експропријација од М.М., поранешниот сопственик примил надоместок, а на лице место од страна на членовите на Комисијата за функционалност која за извршениот увид на лице место составила Записник ДН.бр. од година, било утврдено дека дел од предметното земјиште претставува асфалтен пат, поради што не може да биде предмет на реално враќање, додека останатата барана површина од поранешната КП.бр. КО Бутел се наоѓала во атарот на општина Бутел, во дел не била урбанизирана и била со непозната намена, а во дел претставувала празен простор неоптоварен со објекти - лозов насад, во дел со пристапни земјени патеки. Исто така извршена била и идентификација на предметната парцела и утврдено било со кои парцели сега е опфатена предметната парцела. Во однос на бараната парцела која била евидентирана како поранешна КП.бр. КО Скопје било утврдено дека на лице место претставувала празен простор кој не бил во функција на околното земјиште.

Управниот суд со обжалената пресуда прифатил дека од страна на органот на управата правилно се утврдени фактите кои се од релевантно значење за одлучување по барањето и заклучил дека оспореното решение донесено во управна постапка е во согласност со законот. Во образложението на својата одлука судот навел дека во целост го прифаќа за издржано образложението дадено во решението на тужениот орган, а тужбените наводи кои се однесувале на тоа дека фактичката состојба не била во целост утврдена по однос на Решението за експропријација во смисла на тоа од кого било одземено земјиштето и кој може да се јави како наследник на правото од денационализација, а со тоа и како барател во постапката за денационализација, судот оценил дека се неосновани и дека за единствен наследник на поранешниот сопственик бил огласен барателот Н.М. со решение на Основниот суд Скопје 2 Скопје ОД.бр. од година, што во случајот претставувало претходно прашање. Во побивната пресуда Управниот суд се повикал на одредбите од член 1, 2, 8, 28, 37 и 47 од Законот за денационализација, како и на одредбата од член 14 од Уредбата за начинот и постапката за утврдување на вредноста на имотот кој е предмет на денационализација.

Вишиот управен суд наоѓа дека се основани жалбените наводи со кои се укажува дека фактичката состојба не била во целост утврдена што довело до погрешна примена на материјалното право.

Имено, видно од списите по предметот во постапката по барањето за денационализација на образецот од барањето примено кај тужениот орган на година, видно е дека како предмет на барањето е наведено дека се работи за нива КП.бр.-, што е напишано со плаво пенкало, а со црно пенкало како предмет на барање е напишана и КП.бр.--, со барање за враќање во сопственост или надомест во вид на обврзници. Како основ за одземање на имотот е наведено Решение за експропријација бр. од година на ИОГНО Скопје. Барањето е потпишано од полномошникот на барателот – Г. Т., адвокат од Скопје, за што кон списите по предметот е приложено уредно полномошно. По поднесувањето на барањето со поднесок од - година полномошникот на барателот навел дека доставува документи по поднесеното барање и тоа правосилно оставинско решение, извадок од актот за експропријација бр. -, Уверение за извршени промени на КП.бр.-- за КО Бутел, како и дека останатите потребни документи дополнително ќе бидат доставени. Полномошникот на барателот до органот доставил уште еден подесок за прецизирање на барањето примен на година во кој навел дека барањето го прецизира за две одземени парцели - КП.бр.-- и КП.бр.-. Со Поднесок доставен лично од барателот на година во кој меѓу другото се повикува на одредбата од член 133 од Законот за општата управна постапка и појаснува дека поради брзање и неупатеност, иако со актот за одземање се одземени две парцели, тие не биле наведени иако биле доставувани докази во однос на двете парцели, а исто така навел дека предмет на барање треба да биде и делот од КП.бр.- во површина од 9.000 м2 кој бил експроприран од градот Скопје за кој исто така смета дека треба да биде вратен, а што е во согласност со член 18 од ЗОУП.

По наоѓање на Вишиот управен суд, а имајќи ги во предвид како тужбените наводи на кои од страна на Управниот суд не е одговорено во побиваната пресуда, така и жалбените наводи во кои се укажува дека барањето за предметната КП.бр.-- за КО Бутел е истакнато дури со поднесокот од - година, основано се поставува прашањето дали во конкретниот случај со сигурност е утврдено кога всушност е поднесено барањето за денационализација во однос на предметната КП.бр.-- за КО Бутел, односно дали истото може да се прифати за навремено во смисла на одредбите од Законот за денационализација во кој е предвиден преклузивен рок за остварување на правата од денационализација во управна постапка (член 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за денационализација објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 44/2007).

При ваква состојба Вишиот управен суд наоѓа дека се основани жалбените наводи за погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и дека има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот, при што во повторната постапка тужениот орган ќе треба да ги има во предвид забелешките на судот дадени во оваа пресуда кои се однесуваат на неутврдените факти во однос на навременоста на барањето за предметната катастарска парцела. При повторното постапување за правилно утврдување на овој факт кој е од решително значење за одлучување по барањето, ќе треба да

ги цени наводите од поднесоците за прецизирање на барањето доставени до органот на управата, како и преку прибавување на дополнителни докази со сигурност да се утврди кога е истакнато барањето за предметната КП.бр.- со прибавување на примерок од барањето за денационализација од Државниот правобранител кој по службена должност е вклучен во постапка од самото поднесување на барањето, согласно член 17 од Законот за денационализација и член 10 став 2 од Уредбата за спроведување на постапката за денационализација.

При повторното постапување тужениот орган исто така ќе треба да има во предвид дека постапката за денационализација во смисла на одредбата од член 47 став 1 од Законот за денационализација, се поведува на предлог на барателот, ако со овој закон поинаку не е определено, како и дека до примена на одредбата од член 133 од Законот за општата управна постапка, може да дојде само ако е запазен преклузивниот рок за поднесување на барањето за денационализација, како и дека барателот овластил стручно лице - адвокат да поднесе барање во негово име и истиот дополнително доставувал и поднесоци за прецизирање на барањето, а доставувал и докази во прилог на барањето.

Поради наведеното, следуваше жалбата на тужителот да се уважи, пресудата на Управниот суд да се преиначи на начин наведен во изреката на пресудата, согласно член 361 од Законот за парничната постапка во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

# С Е Н Т Е Н Ц И

## СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ПЕНЗИИ, ПРАВА ОД ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ И ДРУГИ ПРАВА

### I УЖ-2.бр.164/2014 од 17.06.2014 година – инвалидска пензија

Во наод на Комисијата, со кој е утврдено дека кај одредено лице поради промена во здравствената состојба, која не може да се отстрани со лекување, постои трајно намалување на работна способност за повеќе од половина во споредба со истото образование, која состојба е настаната вон работа, така што му се признава право на професионална рехабилитација за оспособување на друга соодветна работа. Односно нема основ за остварување на правото на инвалидска пензија, по основ на загубена работна способност.

**Од образложението:**

Жалбата е неоснована.

Од списите по предметот, произлегува дека Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија -Стручна служба -Филијала Прилеп со Решение И.бр. од година го одбил како неосновано барањето на тужителот за остварување на право на инвалидска пензија, но му е признато правото на професионална рехабилитација за оспособување на друга соодветна работа настаната како последица на повреда вон работа сметано од година, од причина што Комисијата за задолжителен контролен преглед за оценка на работната способност, со наод, оценка и мислење бр. од година, утврдила дека кај тужителот поради промена во здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување постои трајно намалување на работната способност за повеќе од половина во споредба со исто или слично образование и способност настаната како последица вон работа така што му е признато право на професионална рехабилитација за оспособување на друга соодветна работа како евидентичар.

По повод жалбата на тужителката, Комисијата на Влада на Република Македонија за решавање во втор степен по предметите од пензиско и инвалидско осигурување и за наплата на придонесот, донела Решение бр. од година, со кое ја одбила жалбата како неоснована, со образложение дека првостепениот орган донел правилна одлука.

Управниот суд ја одбил како неоснована тужбата против наведеното оспорено решение, наоѓајќи дека е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

По наоѓање на Вишиот управен суд, побиваната пресуда е правилна и законита.

Согласно член 38 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија” број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009 и 156/2009), инвалидност постои кога кај осигуреникот, поради промена во здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување, работната способност е трајно намалена за повеќе од половина во споредба со физички и психички здрав осигуреник со исто или слично образование и способност (професионална неспособност). Инвалидност постои и кога кај осигуреникот поради промена во здравствената состојба, која не може да се отстрани со лекување, ќе настане трајно губење на работната способност (општа неспособност за работа). Инвалидност во смисла на ставовите 1 и 2 од овој член може да настане поради болест, повреда надвор од работа, повреда при работа или професионални болести. Работите за кои се оценува работната способност на осигуреникот ги опфаќаат сите работи кои одговараат на неговите телесни и психички способности, а се смета дека одговараат на неговите досегашни работи.

Согласно член 43 од законот право на професионална рехабилитација има осигуреник кај кој ќе настане инвалидност пред навршени 50 години живот ако според преостанатата работна способност може да се оспособи за друга работа со полно работно време.

Согласно член 63 став 1 точка 1 и 2 од истиот закон осигуреникот кај кого ќе настане општа неспособност за работа, како и осигуреникот со

преостаната работна способност кој поради навршување на одредени години на живот не може со професионална рехабилитација да се оспособи за вршење на друга соодветна работа стекнува право на инвалидска пензија ако ги исполнува следните услови: 1) инвалидноста е причинета со повреда на работа или професионална болест- без оглед на должината на пензискиот стаж или 2) инвалидноста е причинета со повреда надвор од работа или со болест под услов пред настанувањето на инвалидноста, односно на денот на престанокот на осигурувањето по настанатата инвалидност имал наполнет пензиски стаж кој му покрива најмалку една третина на периодот од наполнети најмногу 20 години живот од денот на настанување на инвалиднсот (работен век), сметајќи го работниот век на полни години.

Согласно член 82 став 1 и 2 од истиот закон телесно оштетување постои кога кај осигуреникот ќе настане загубување, посуштествено оштетување или позначителна онеспособеност на одделни органи или делови од телото што ја отежнува нормалната активност на организмот и бара поголем напор во остварувањето на животните потреби, без оглед на тоа дали причинува или не причинува инвалидност. (2) Осигуреникот кај кого телесно оштетување ќе настане за време на траењето на осигурување се стекнува со право на паричен надоместок за телесно оштетување под истите услови во поглед на пензискиот стаж под кои се здобива со правото на инвалидска пензија.

Согласно член 139 до овој закон, за остварување на правата врз основа на општа неспособност за работа и професионална неспособност за работа, телесно оштетување и неспособност за работа врз основа на која се стекнува право на инвалидска, односно семејна пензија, фактичката состојба се утврдува врз основа на наод, оцена и мислење на Комисија за оцена на работната способност.

Вишиот управен суд, во случајот, смета дека се утврдени сите правно релевантни факти во постапката за остварување на правото на инвалидска пензија.

Вишиот управен суд смета дека во случајот она што е од суштествено значење за правилното одлучување е цитираниот наод на наведената комисија, со кој е утврдено дека кај тужителот поради промена во здравствената состојба која не може да се отстрани со лекување постои трајно намалување на работната способност за повеќе од половина во споредба со исто или слично образование и способност настаната како последица вон работа така што му е признато право на професионална рехабилитација за оспособување на друга соодветна работа како евидентичар.

Имајќи ги предвид цитираните законски одредби, наодот, оценката и мислењето за работната способност на тужителот, како и медицинската документација, органите правилно одлучиле, а Управниот суд правилно прифатил дека нема основ за остварување на правото на инвалидска пензија, по основ на загубена работна способност.

Вишиот управен суд ги имаше предвид жалбените наводи на тужителот дека постои професионална неспособност за работа, поради болест, дека Комисијата не ги ценела доволно доказите-медицинската документација, но

најде дека истите се неосновани и не се причина за донесување на поинаква одлука од страна на судот од причина што во Законот за пензиско и инвалидско осигурување е утврдено кога и како се стекнува правото на инвалидска пензија, како постоење на телесно оштетување. Судот утврди дека во случајот Комисијата уредно ја ценела целокупната медицинска документација и од тие причини на тужителот му е признато правото на професионална рехабилитација за оспособување на друга соодветна работа како евидентичар.

Со оглед на наведеново, следуваше Вишиот управен суд да одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парничната постапка.

## II УЖ-2.бр.163/2014 од 17.06.2014 година – семејна пензија

Членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија односно истите можат да го остварат ова право ако осигуреникот наполнил најмалку 5 години стаж на осигурување и најмалку 10 години пензиски стаж.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во управната постапка по предметот со Решение ФП.бр. од година барањето на тужителот за остварување право на семејна пензија е одбиено како неосновано затоа што покојниот осигуреник М.М. на денот на смртта имала полни 45 години и вкупен стаж на осигурување од 03 години, 09 месеци и 24 дена. Бидејќи работниот век на покојната изнесувал 25 години, а вкупниот пензиски стаж не покрива 1/3 од работниот век, односно стажот на осигурување изнесува помалку од 05 години таа не ги исполнува условите согласно член 79 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, односно за остварување на бараното право семејна пеназија.

Второстепениот орган ја одбил жалбата на тужителот како неоснована, со образложение дека правилно одлучил првостепениот орган.

Управниот суд со побиваната пресуда У-4.бр. од година тужбата на тужителот ја одбил како неоснована, наоѓајќи дека оспореното решение е донесено во согласност со закон, односно дека нема законски основ да се признае правото на семејна пензија, затоа што до денот на смртта на осигуреникот-покојната сопруга на тужителот истата имала остварено вкупен стаж на осигурување од 03 години, 09 месеци и 24 дена, а на денот на смртта имала полни 45 години. Со оглед на тоа што нејзиниот работен век изнесувал 25 години, пензискиот стаж 1/3 од работниот век потребен пензиски стаж согласно одредбата од член 71 став 1 точка 1 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување каде се предвидени условите под кои членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија односно истите можат да го остварат ова право ако осигуреникот наполнил најмалку 5 години стаж на

осигурување и најмалку 10 години пензиски стаж. А во конкретниот случај покојната сопруга на тужителот имала остварено пензиски стаж само од 03 години, 09 месеци и 24 дена, а ова утврдено врз основа од податоците од матичната евиденција. Оттука, Управниот суд уврдил дека органите на управата врз основа на доказите во списите правилно ја утврдиле фактичката состојба и донеле законита одлука кога барањето на тужителот за остварување право на семејна пензија го одбиле како неосновано затоа што не ги исполнувал минималните законски услови предвидени согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, а за остварување на бараното право-семејна пензија.

По наоѓање на Вишиот управен суд во случајот се утврдени сите правно релевантни факти за остварување на правото на семејна пензија, имајќи предвид дека од страна на првопстепениот орган врз основа на податоците на матичната евиденција правилно е утврдено дека сопругата на барателот на правото на семејна пензија сега како осигуреник која починала на 02.03.2008 година на денот на смртта имала полни 45 години, а според регистрираните податоци во матичната евиденција евидирала со вкупен пензиски стаж од од 03 години, 09 месеци и 24 дена. Овој пензиски стаж не е доволен согласно предвидениот со одредбата од членот 71 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 81/05, 101/05, 70/06, 153/07 и 153/10) каде членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија ако умрениот осигуреник: 1) наполнил најмалку пет години стаж на осигурување или најмалку десет години пензиски стаж или 2) ги исполнил условите за старосна или инвалидска пензија, или 3) бил корисник на старосна или инвалидска пензија. Оттука согласно наведената одредба барателот не ги исполнува условите за стекнување на правото на семејна пензија затоа што неговата покојна сопруга од која сакал да го оствари правото на денот на смртта не евидирала со најмалку 5 години пензиски стаж на осигурување.

Согласно член 70 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/00, 50/01, 85/03, 50/04, 4/05, 81/05, 101/05, 70/06, 153/07 и 153/10) (1) Семејна пензија можат да остварат членовите на семејството: 1) брачниот другар; 2) децата (родени во брак или надвор од брак или посвоени; посиноците кои ги издржувал осигуреникот, внучињата и други деца без родители кои ги издржувал осигуреникот) и 3) родителите (таткото и мајката, очувот и маќеата) и посвоителот, што ги издржувал осигуреникот. (2) Семејна пензија може да оствари и брачниот другар од разведен брак, ако со судска одлука му е утврдено право на издржување

Согласно член 71 од истиот закон членовите на семејството стекнуваат право на семејна пензија ако умрениот осигуреник: 1) наполнил најмалку пет години стаж на осигурување или најмалку десет години пензиски стаж или 2) ги исполнил условите за старосна или инвалидска пензија, или 3) бил корисник на старосна или инвалидска пензија.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека во пресудата се наведени други деловодни броеви на управни акти, а во образложението е наведено дека била разгледувана тужба на тужител Ѓ. П. од

Свети Николе, а не на тужба на тужителот но истите ги оцени како неосновани од причина што во образложението на пресудата на Управниот суд У-4.бр. од година на ниедно место не е наведено погрешно име и презиме на тужител како што наведува тужителот во жалбата напротив се прегледувало тужба за конкретниот тужител М.М. од село К., Струга. Судот ги ценеше и жалбените наводи за погрешно утврдениот пензиски стаж, односно дека неговата покојна сопруга како осигуреник била вработена во „Дабовјани комерц“ од година, а престанокот на осигурување било извршено без нејзино знаење и согласност на ден година, а во прилог на овие наводи е тоа што во решението од наведениот правен субјект било наведено дека престанал работниот однос по барање на работникот и дека такво барање не било поднесено од нејзина страна. Овие жалбени наводи исто така не беа причина и основ за донесување на поинаква одлука затоа што релевантен доказ за остварениот вкупен пензиски стаж е матичната евиденција на покојната сопруга на тужителот -која како осигуреник е регистрирана во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување каде што евидирала со вкупен пензиски стаж од 03 години, 09 месеци и 24 дена, а со тој вкупен пензиски стаж барателот -тужителот не ги исполнува условите од член 71 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување за стекнување право на семјна пензија.

Вишиот управен суд ги ценеше и жалбените наводи по однос на истакнатото барање за надомест на трошоците во постапката во износ од 6.903,00 денари со паушал и ДДВ и истите ги одби како неосновани од причина што согласно член 7-б од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 150/2010) во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Поради погоре наведените причини, следуваше Вишиот управен суд, да одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парничната постапка.

## III УЖ-2.бр.14/2014 од 29.01.2014 година – семејна пензија

Во конкретниот случај, органот на управа донел две решенија со ист датум и број, а второстепениот орган одлучувал по она решение кое веќе било заменето, што ја прави неговата одлука нејасна и неразбирлива, противречна самата на себе и на причините дадени во истата.

***Од образложението:***

Жалбата е основана.

Во управната постапка, Раководителот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија–Стручна служба–Филијала Куманово, во обнова на постапката донел Решение бр. од година, со кое на децата С.И. роден на година и Е. родена на година, поради тоа што не се редовни студенти во учебната 1997/98, им се скратува правото на семејна пензија, сметано од година. Жалбата не го одлага извршувањето на решението. Одделението за

исплата на пензии при Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во Скопје, доколку вршело исплата ќе констатира сторена претплата, сметано од година. Со ова Решение е заменето решението ФП. од година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија–Стручна служба–Филијала Куманово. Против ова решение тужителката поднела жалба.

Тужениот орган со оспореното решение ја одбил жалбата на тужителката како неоснована.

Управниот суд со побиваната пресуда тужбата на тужителката ја одбил како неоснована, наоѓајќи дека оспореното решение е донесено во согласност со закон.

По наоѓање на Вишиот управен суд ваквата одлука е неправилна и незаконита.

Согласно член 235 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/05, 110/2008), ако органот што го донел решението најде дека жалбата е оправдана, а не е потребно да се спроведува нова испитна постапка, може работата поинаку да ја реши и со ново решение да го замени решението што се побива со жалбата. Против новото решение странката има право на жалба.

Согласно член 240 став 1 од истиот закон второстепениот орган ќе ја одбие жалбата кога ќе утврди дека постапката што му претходела на решението е спроведена правилно и дека решението е правилно и врз закон засновано, а жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај во образложението на оспореното решение на второстепениот орган е наведено дека со Решение ФП.бр. од година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија–Стручна служба–Филијала Куманово, на децата И. и Е. им е одредено право на нов износ на семејна пензија која со сите усогласувања во месечен износ изнесува 726,50 денари, сметано од 01.08.1980 година, право изведено по покојниот татко Д.. Наместо определената пензија ќе се исплатува најнизок износ на пензија од трета група. На тужителката Г.С. од Куманово и е скратено правото на семејна пензија.

Меѓутоа, со обжаленото Решение на Раководителот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија–Стручна служба–Филијала Куманово, во обнова на постапката донесено е Решение бр. од година со кое на децата С.И., роден на година и Е. родена на година, поради тоа што не се редовни студенти во учебната 1997/98, им се скратува правото на семејна пензија, сметано од 01.10.1997 година. Жалбата не го одлага извршувањето на решението. Одделението за исплата на пензии при Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија во Скопје, доколку вршело исплата ќе констатира сторена претплата, сметано од 01.10.1997 година. Со ова Решение е заменето решението ФП.бр. од година на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија–Стручна служба–Филијала Куманово. Тужителката поднела тужба во која наведува дека се донесени две првостепени решенија со ист број и датум, па не јасно по кое решение одлучувал второстепениот орган.

Оттука, Управниот суд неправилно ја одбил тужбата на тужителката имајќи во предвид дека првостепениот орган на управа донел две решенија со ист датум и број, а второстепениот орган одлучувал по она решение кое веќе било заменето, што ја прави неговата одлука нејасна и неразбирлива, противречна самата на себе и на причините дадени во истата. При повторното постапување второстепениот орган да ги отстрани наведените недостатоци и во целост да одлучи по однос на жалбените наводи, по што да донесе правилна и законита одлука.

Поради погоре наведените причини, следуваше Вишиот управен суд, да одлучи како во изреката на пресудата согласно член 361 од Законот за парничната постапка, а во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

## IV Упрж.бр.248/2014 од 14.05.2014 година – прекршок

Трговија на мало и давање услуги во трговијата може да се врши пред продавниците, односно деловни простори со одобрение донесено врз основа на одлука на советот на општината, односно на Градот Скопје.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во постапка пред Прекршочната комисија при државниот пазарен инспекторат, а по претходно поднесено барање за поведување прекршочна постапка Државниот пазарен инспекторат Скопје бр. од година утврдено е дека тужителите на ден година во продавницата лоцирана на ул. Б.М. во Скопје, вршеле трговија на мало пред продавницата, односно деловна просторија за кое нема одобрение од општината, односно од Градот Скопје со што сториле прекршок по член 8 став 2 од Законот за трговија. На сторителите им бил издаден платен налог на износ од 1.000 евра за правното лице и 400 евра за одговорното лице со поука дека доколку ја платат глобата во рок од 8 дена од применот на платниот налог, ќе платат само половина од предвидената глоба. Сторителите не го искористиле правото по член 49 став 4 од Законот за прекршоците, па овластениот подносител поднел барање за поведување на прекршочна постапка.

Тужениот орган спровел прекршочна постапка, ја утврдил фактичката состојба потребна за одлучување и го донел оспореното решение со кое утврдил дека Друштво за трговија и услуги - Скопје и А.П. управител на правото лице се одговорни за прекршок по член 56 став 1 и 2, точка 2 од Законот за трговија и им изрекол глоба и тоа на правното лице во износ од 400 евра во денарска противвредност во износ од 24.560,00 денари и на одговорното лице во правното лице глоба во износ од 100 евра во денарска противвредност од 6.140,00 денари, сметано по средниот курс на Народна банка на Република Македонија во времето на изрекување на глобата која се задолжени да ја платат во рок од 15 дена по правосилноста на решението.

Незадоволни од решението на тужениот орган Друштво за трговија и услуги - Скопје и А.П. управител на правото лице повеле управен спор.

Одлучувајќи по тужбата на тужителите Управниот суд донел пресуда УПР.бр.3880/2012 од 10.06.2013 година со која тужбата ја одбил како неоснована и го потврдил оспореното решение со образложение дека прекршочната постапка е целосно и правилно спроведена.

Вишиот управен суд наоѓа дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Согласно член 8 став 2 од Законот за трговија („Службен весник на Република Македонија“ број 16/2004, 128/2006, 63/2007, 88/2008, 159/2008, 20/2009, 99/2009, 105/2009, 115/2010, 15/2010, 36/2011 и 53/2011) трговија на мало и давање услуги во трговијата може да се врши пред продавниците, односно деловни простори со одобрение донесено врз основа на одлука на советот на општината, односно на Градот Скопје.

Согласно член 56 став 1 точка 2 од истиот закон глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на правното лице, ако: 2) врши трговија на мало и дава услуги во трговијата пред продавниците, односно деловните простори за кои нема одобрение од општината, односно од градот Скопје (член 8 став 2). Согласно став 2 од истиот член глоба во износ од 400 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за дејствијата од ставот 1 на овој член.

Вишиот управен суд најде дека тужениот орган правилно ги применил одредбите од Законот за трговија и законот за прекршоците кои ја регулираат прекршочната постапка пред прекршочен орган и правилно утврдил дека тужителите Друштво за трговија и услуги - Скопје и А.П. управител на правото лице се сторители на прекршок по член 56 став 1 точка 2 и став 2 од Законот за трговија, врз основа на приложените материјални докази и ја спровел прекршочната постапка.

Овој суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата на тужителите дека по спроведената постапка за едукација биле отстранети сите неправилности констатирани на записник од година по што било прибавено одобрение со што била запрена постапката со заклучок бр. од година, но истите не ги прифати од причина што тужителите требало да имаат одобрение пред извршената контрола, а отстранувањето на неправилностите не ги ослободува од одговорноста.

Врз основа на изнесеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 357 од Законот за парничната постапка, во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

# С Е Н Т Е Н Ц И

# СПЕЦИЈАЛИЗИРАН СУДСКИ ОДДЕЛ ЗА ФИНАНСИСКИ, ЦАРИНСКИ, ДАНОЧНИ И ДРУГИ ПРАВА

## I УЖ-3.бр.1291/2013 од 19.12.2013 година – паричен надоместок како невработено лице

Одлука на судот по предмет кој се однесува на незаконски исплатен надоместок на невработено лице и за враќање на незаконски примениот надоместок.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај од увидот во списите по предметот произлегува дека со Решение на Агенцијата за вработување на Република Македонија - Центар за вработување Битола бр. од година, во постапка по службена должност, престанува правото на паричен надоместок на лицето А. Д. од Битола, заклучно со ден година поради засновање работен однос. Се задолжува да го врати паричниот надоместок во вкупен износ од 48.902,00 денари. Со Решението на Агенцијата за вработување на Република Македонија-Центар за вработување Битола бр.0306/2688-09 од 27.01.2010 година, на тужителот му е признато правото на паричен надоместок како невработено лице поради престанок на работен однос со истек на определено време во Друштво за трговија и услуги „ “ ДООЕЛ, почнувајќи од 10.12.2009 година до 09.11.2010 година во износ од 4.440,00 денари. Но тужителот е вратен на работа почнувајќи од 10.12.2009 година во Фабрика за шеќер „ “ Битола, со Пресуда на Врховен суд на Република Македонија Рев.бр. од година. Во став 3 од образложението на оваа пресуда се задолжува тужениот Фабрика за шеќер „ “ АД Битола, да го врати тужителот на работа со сите права од работен однос на работно место кое одговара на неговата стручна спрема и да му ги надомести парничните трошоци во износ од 24.440,00 денари во рок од 8 дена од приемот на пресудата.

Жалбата на тужителот против наведеното решение е одбиена како неоснована со Решение бр. од година на Министерството за труд и социјална политика.

Тужителот со тужба повел постапка за управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд со обжалената пресуда ја одбил како неоснована тужбата на тужителот од причини што нашол дека оспореното решение е донесено правилно и во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита и со истата не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 77 став 1 алинеја 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ број 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 23/03, 37/04, 4/05, 50/06 29/07, 102/08 и 161/08), , правото на паричен надоместок на невработеното лице му престанува ако заснова работен однос.

Согласно член 82 став 2 од истиот закон, Агенцијата има право да бара враќање на средствата со банкарска камата на средства по видување, исплатени во име на осигурување во случај на невработеност, во случаи кога правото било остварено врз основа на неточни податоци или лицето кое го стекнало тоа право не известило за промените кои влијаат врз остварувањето и престанувањето на правото, односно ако средствата се ненаменски потрошени од страна на работодавачот.

Вишиот управен суд најде дека правилно одлучил Управниот суд кога тужбата на тужителот ја одбил како неоснована наоѓајќи дека Решението на Министерството за труд и социјална политика е правилно и законито. Ова од причина што од увидот во списите на предметот неспорно произлегува дека тужителот со Пресуда на Врховен суд на Република Македонија Рев.бр. од година, ревизијата на сега тужителот се усвојува, Пресудата на Апелациониот суд Битола Рож.бр. од година и на Основен суд Битола Ро.бр. од година, се преиначуваат и се пресудува, тужбеното барање на тужителот се усвојува, се поништуваат како незаконити одлука бр. од година со која на тужителот му е даден отказ на договорот за вработување во Фабрика за шеќер „ “ АД Битола и одлука бр. од година со која е потврдена одлуката за отказ на договорот за вработување, истовремено се задолжува тужениот да го врати тужителот на работа со сите права од работен однос на работно место кое одговара на неговата стручна спрема. Правилно прифатил управниот суд дека на таков начин тужителот наведените права од работен однос цитирани со пресудата на Врховниот суд на Република Македонија ги остварува од моментот кога незаконито му престанал работниот однос, поради што правилно утврдил тужениот орган дека право на паричен надоместок како невработено лице е заклучно со ден 09.12.2009 година.

При одлучувањето овој суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата, дека е нејасно врз основа на што треба да изврши враќање на паричните средства претходно стекнати по основ на материјалното обезбедување и дека Управниот суд не дал доволно образложение врз основа на кои одредби врши ретроактивна примена на одредбите од овој закон, но најде дека се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Ова од причина што тужителот склучил договор за вработување на неопределено време со работодавачот на 27.07.2011 година, согласно приложените М-1 и М-2 обрасци, истиот е пријавен во задолжително социјално осигурување врз основа на пресудата на Врховниот суд на Република Македонија и тоа од ден 10.12.2009 година, од кога и ги остварува сите права од работен однос.

При ваква фактичка и правна состојба на работите Вишиот управен суд најде дека со пресудата на Управниот суд не е повреден законот на штета на тужителот, поради што жалбата ја одби како неоснована и одлучи како во изреката на пресудата, а согласно член 357 од Законот за парнична постапка во врска со член 7-а од Законот за управните спорови.

## II Уж-3.бр.43/2014 од 25.02.2014 година – камата за ненавремено платен данок по задршка

Одлука на судот која се однесува на задолжување со камата од страна на Управата за приходи, а поради ненавремено плаќање данок на приход.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Со Решение бр. од година на Управата за јавни приходи, Дирекција за големи даночни обврзници Скопје, тужителот е задолжен да плати камата за ненавремено платен данок по задршка по основ на исплата на приход од други приходи во вкупен износ од 583.207,50 денари, исплатени спрема странското правно лице од Швајцарија.

Првостепениот орган решението го донел откако тужителот на ден година поднел барање за даночно ослободување на данок по задршка кој се однесувал на исплати на приходи во 2008 година, спрема странското правно лице од Швајцарија, по основ на извршени консултантски услуги. Постапувајќи по поднесеното барање органот констатирал дека биле извршени исплати на приходи од страна на тужителот како исплатувач, за кои претходно не било користено одобрување за даночно ослободување по основ на други приходи кон странското правно лице со потекло од Швајцарскиот федерален совет - земја со која Република Македонија има склучено меѓународен Договор за избегнување на двојно оданочување по основ на данок на доход и данокот на капитал.

Незадоволен од првостепеното решение тужителот вложил жалба до Министерот за финансии кој со оспореното решение истата ја одбил како неоснована наоѓајќи дека првостепениот орган донел правилно и законито решение.

Управниот суд со побиваната пресуда, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот наоѓајќи дека оспореното решение е правилно и со него не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е законита.

Согласно член 29-а, став 1 од Законот за данок на добивка („Службен весник на Република Македонија“ број 80/93, 33/95, 43/95, 71/96, 28/98, 11/01, 2/02, 44/02, 51/03, 120/05, 139/06, 160/07 и 159/08), освен ако поинаку не е регулирано со Меѓународните договори за одбегнување на двојно оданочување, лицата од ставот 3 на овој член кои вршат исплата на приходи на странско правно лице наведени во член 29-б на овој закон, должни се при исплатата на приходот да го задржат и да го уплатат данокот на соодветната уплатна сметка, истовремено со исплатата на приходот. Согласно став 2 од

истиот член, задржаниот данок за било кој приход на странското правно лице, е конечно намирена даночна обврска на лицето за тој приход. Според став 3, следниве лица го задржуваат данокот на приход платен на странско лице и тоа: а) домашно правно лице; б) домашно физичко лице - регистрирано за вршење на дејност и в) странско правно лице или физичко лице-нерезидент со постојана деловна единица во Република Македонија.

Согласно член 29-б, став 1 од истиот закон, задржувањето на данок се применува на следниве приходи, без оглед дали се исплатени во Република Македонија или во странство: 1) приход од дивиденди; 2) приход од камата од резидент; 3) приход од камата од нерезидент кој има постојана деловна единица во Република акедонија, ако каматата е на трошок на постојаната деловна единица; 4) приход од авторски хонорар исплатен од резидент; 5) приход од авторски хонорар исплатен од неризидент со постојана деловна единица во Република Македонија, ако авторскиот хонорар е на трошок на постојаната деловна единица; 6) приход од забавни или спортски активности кои се вршат во Република Македонија; 7) приход од вршење на менаџмент, консалтинг, финансиски услуги и услуги на истражување и развој, ако приходот е исплатен од резидент или е на трошок на постојаната деловна единица во Република Македонија; 8) приход од осигурителни премии за осигурување или реосигурување од ризици во Република Македонија; 9) приход од телекомуникациски услуги помеѓу Република Македонија и странска држава и 10) приход од закуп на недвижности во Република Македонија.

Согласно член 29-г став 2 од цитираниот закон, даночно ослободување или пониска стапка одредена во договорот со странска држава се применува на приход врз кон се применува задржување на данок само ако примателот на приход му обезбеди на субјектот што го уплаќа приходот потврда за резидент издадена од даночниот орган на странската правна држава.

Согласно член 5-в став 3 од Правилникот за начинот на пресметување и уплатување на данокот на добивка и спречување на двојното ослободување или двојното оданочување („Службен весник на Република Македонија" број 92/01, 51/02, 54/03, 56/03, 101/06, 58/07, 21/08 и 24/09), ако Република Македонија со државата чиј резидент е странското правно лице има потпишано договор за одбегнување на двојно оданочување, одредбите од договорот ќе се применуваат на начин пропишан во ставовите 4, 5, 6, 7, 8, 9 и 10 на овој член. Согласно ставовите 4 и 5 од истиот член, правата од договорот се остваруваат на пропишаните обрасци, разграничени според видот на исплатените приходи. Доколку при исплатата на приходите од член 29-б на законот, не се плаќа данок по задршка во согласност со одредбите на договорите за одбегнување на двојното оданочување, примателот на приходот (странското правно лице), може наместо образецот од став 4 на овој член, да достави само образец „потврда за резидентен статус" од надлежниот даночен орган во странство. Според став 9 на истиот член, доколку во времето на исплатата на приходите на странското правно лице, домашниот исплатувач не располага со заверен примерок на образецот од став 4, точките 1, 2, 3 и 4 на овој член, или потврда според ставот 5 на овој член, со исплатата на приходот ги применува одредбите од Законот за данокот на добивка.

Вишиот управен суд цени дека од страна на Управниот суд правилно е одлучено кога е прифатена одлуката на второстепениот управен орган како правилна и законита со оглед на тоа што во целост се утврдени фактите битни за меродавно одлучување, врз основа на кои правилно се применети материјалните одредби. Имено, согласно Договорот за одбегнување на двојното оданочување склучен меѓу Република Македонија и Швајцарскиот федерален совет објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 55/00, правата кои се однесуваат на данокот на доход и данокот на капитал може да се остварат под услов да се поднесени до соодветните држави пропишани обрасци согласно цитираните законски одредби и одредбите од погоре наведениот Правилник. Во оваа смисла тужителот како исплатувач на приходи на странско правно лице во моментот на исплатата бил должен да ги примени одредбите од членот 29-а од Законот за данок на добивка и наведениот Правилник и заедно со исплатата на приходот да задржи и уплати данок по задршка, со оглед на тоа што во дадениот момент не поседувал барање, ниту потврда за резидентен статус во смисла на цитираните одредби. Во услови кога при исплатата на приходот тужителот не го задржал данокот по стапка од 10% согласно цитираниот закон, ниту пак ги прибавил потребните докази, истиот не ги исполнил обврските предвидени со законските и подзаконските одредби, поради што Управниот суд правилно одлучил кога ја потврдил одлуката на второстепениот орган, со која тужителот е задолжен со камата за ненавремено платен данок по задршка, со оглед на тоа што таквиот доказ, односно потврда за резидентен статус е доставен подоцна, односно одреден период по извршувањето на исплата на приходите на странското правно лице.

Вишиот управен суд ги ценеше жалбените наводи на тужителот според кои со самиот договор меѓу двете држави се подразбира дека тужителот бил ослободен од плаќање на овој вид на данок, практично неосновано е донесено решението со кој е задолжен за плаќање камата поради ненавремено плаќање данок по задршка, но истите не ги прифати како основани бидејќи од увидот во списите и од образложенијата на оспорените решенија неспорно произлегува дека тужителот не постапил согласно погоре цитираните одредби, односно не доставил доказ со кој можел да биде ослободен од плаќање данок по задршка, ниту пак го задржал предвидениот данок од 10% и истиот го уплатил на што бил обврзан согласно Законот за данок на добивка.

Во однос на барањето на тужителот за надомест на штета за главен долг од 583.207,50 денари со законска казнена камата сметано од 12.01.2011 година се упатува да го оствари во парнична постапка, согласно член 40 став 4 од Законот за управните спорови, според кој во однос на надоместокот на штета, судот ќе го упати тужителот своето барање да го остварува во парнична постапка.

Исто така, барањето на тужителот за надомест на трошоци во постапката овој суд најде дека се неосновани, од причина што согласно член 7-б од Законот за измена и дополнување на Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ број 150/10), во управен спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Поради изложеното Вишиот управен суд одлучи како во изреката на пресудата, согласно член 7-а од законот за Управните спорови и член 357 од Законот за парнична постапка.

## III Уж-3.бр.26/2014 од 07.02.2014 година – одземање патна исправа

Во постапка за одземање на патна исправа, надлежниот орган Министерство за внатрешни работи, одзел патна исправа од лице према кое е донесена правосилна судска одлука во кривична постапка. Лицето од кого е одземено патната исправа, во управна постапка бара, патната исправа да му биде вратена.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во постапката, е утврдено дека пред Основниот суд Крива Паланка е поведена кривична постапка против тужителот за кривично дело Злоупотреба на службената положба и овластување по член 353 став 3 во врска со став 1 и во врска со член 45 од Кривичниот законик, при што е оформен кривичен предмет К.бр.. Основен суд Крива Паланка донел пресуда К.бр. од година со која сега тужителот е огласен виновен и осуден на казна затвор во траење од 7 месеци. Апелациониот суд Скопје одлучувајќи по редовен правен лек, жалба, донел Пресуда Кж.бр. од година и изрекол казна затвор во траење од 1 година и 6 месеци. На таков начин пресудата на Основниот суд Крива Паланка станала правосилна.

Од страна на Основниот суд Крива Паланка до Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Полициска станица Крива Паланка, проследено е барање согласно член 37 и 39 од Законот за патни исправи да се одземе патна исправа на сега тужителот. Таквото барање е проследено со телеграма бр. од година до Секторот за гранична контрола за известување на сите гранични премини за постоење на судска забрана за патување во странство и одземање патна исправа на име сега тужителот со број  издадена од Министерсто за внатрешни работи на Република Македонија со важност до 28.12.2014 година.

На ден 17.08.2009 година на тужителот му е одземена патна исправа од страна на овластени службени лица на граничниот премин Табановце на излез од Република Македонија при пасошка контрола за што е сочинета Потврда за привремено одземени предмети бр. од година. Врз основа на таквата состојба од страна на Министерството за внатрешни работи е донесено Решение Уп.бр. од година.

Тужениот орган постапувајќи по жалбата на сега тужителот на решение донесено од страна на првостепениот орган, го донел оспореното Решение бр. од година, со кое жалбата се одбива како неоснована.

Тужителот повел управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд со побиваната пресуда оценил дека оспореното решение е правилно и законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Според член 37 став 1 точка 1 од Законот за патни исправи („Службен весник на Република Македонија“ број 67/92, 20/03, 46/04, 19/07 и 84/08), поднесеното барање за издавање на пасош или виза, ќе се одбие и нема да се издаде пасош или виза ако лицето кое бара издавање на пасош или виза е осудено на безусловна казна затвор-додека не ја издржи казната. Согласно став 2 од истиот член, ако некоја од причините од став 1 на овој член, настапила по издавањето на пасошот или визата, пасошот ќе се одземе, а визата ќе се поништи.

Согласно член 39 од истиот закон, во решението со кое се одбива барањето за издавање на пасош или виза, односно со кое се одзема пасошот или се поништува визата, се наведуваат причините од кои органот се раководел при донесување на таквото решение.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите од предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил дека тужениот орган водел правилна и законита постапка и целосно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалниот закон. Правилно прифатил Управниот суд дека тужениот орган, а со тоа и првостепениот орган правилно постапиле и правилно ја утврдиле фактичката состојба, кога нашле дека во конкретниот случај постои законски основ за одземање на патна исправа на тужителот согласно член 37 став 1 точка 2 и став 2 од истиот член, како и член 39 од истиот закон. Тужениот орган правилно утврдил дека доставената како прилог кон жалбата пресуда на Врховниот суд на Република Македонија, не е од влијание при одлучување.

Овој суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата на тужителот, дека патната исправа не и е одземена поради тоа што против неа е поведена кривична постапка, туку заради друга причина која воопшто не постои, при што е повредено материјалното право, но наоѓа дека истите се неосновани и неаргументирани и не се од таков карактер што би довеле до поинакво одлучување. Имено, во конкретниот случај Врховниот суд на Република Македонија, одлучувајќи по барањето на осудената, сега тужителот за вонредно преиспитување на правосилна пресуда како вонреден правен лек, донел Пресуда Квп.бр. од година. Во конкретниот случај дал одредени напатствија кои да се земат во предвид при повторно судење и одлучување и да се утврдат со сигурност суштествени околности за правилно одлучување. На таков начин Врховниот суд, ниту донел ослободителна пресуда, ниту ја намалил, ниту ја условил утврдената казна затвор. Согласно член 466 став 4 од Законот за кривична постапка, првостепениот суд или судот надлежен за одлучување по барањето, со оглед на содржината на барањето може да определи да се одложи, односно да се прекине извршувањето на правосилната

пресуда. Ова доколку се оцени од содржината на барањето дека е потребно, а според слободно судиско уверување се додека не биде правосилно завршена повторената постапка.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

## IV УЖ-3.бр.224/2014 од 12.06.2014 година – данок на додадена вредност

Одлука на судот по однос на неправилно пресметан данок на додадена вредност од страна на правен субјект.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во конкретниот случај во постапка за надворешна контрола на данокот на додадена вредност кај даночниот обврзник Заштитно друштво за производство и трговија ДОО Битола, за даночен период од 01.01.2009 до 31.03.2011 година, Управата за јавни приходи Регионална дирекција Битола, изготвила Записник бр. од година. Во Записникот од страна на Управата за јавни приходи, Регионална дирекција Битола, било констатирано дека тужителот како даночен обврзник во период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година, неправилно и неточно евидентирал и водел документација на деловните промени во однос на искажувањето на приходите и утврдувањето на основицата за пресметување и плаќање на данокот на додадена вредност. Од извршениот увид на состојбата - попис на залихи, материјали и готови производи во деловните простории на даночниот обврзник, евиденцијата на производството била презентирана со работни налози за дневно производство и минерална вода по видови и количини за контролираниот период, а количините на готови производи биле евидентирани преку принтер со втиснување на број и датум на капачињата од наполнети шишиња. Во работните налози биле внесувани податоци - информации за материјалот како и произведени количини на вода по вид и комерцијално пакување со давање три вида податоци: по принтер искажано во броеви на шишиња во комерцијално пакување, по производство искажано во броеви на шишиња во комерцијално пакување и за точење по литри. Контролата констатирала дека овие три податоци не се совпаѓаат, дека прием на готови производи не се врши со примо предавање од производство во магацин, не се изготвувани приемници и работните налози не се предавани во сметководство за прокнижување, поради што се констатирани разлики на прикажаните произведени количини во книговодството од оние во производството според работните налози. Набавените шишиња - амбалажа се евидентирани како влез

во материјалната евиденција како залиха на материјали, при што веднаш се книжеле како излез од магацинот на материјали и како влез во магацинот на готови производи. Контролата констатирала дека произведените количини на вода не биле книжени во материјална евиденција на книговодство по дневни работни налози, не биле изготвувани приемници во магацинот на готови производи, туку во книговодството се водела евиденција само на продадени количини на готови производи по испратници, за кои биле изготвувани фактури, односно евиденцијата не се водела точно што секојдневно се произведува. По однос на приложените формулари за отповикување производи и нивно враќање во производството, контролата констатирала дека овие податоци не кореспондираат со податоците од работните налози по однос на тоа во кои денови и дали се вршело отстранување на недостатоци, за какви недостатоци станува збор, што се набавува, колку е тековното производство, а колку отстранување на недостаток.

Врз основа на така утврдената состојба Управата за јавна приходи, Регионална дирекција Битола, донела Решение за утврдување на данок на додадена вредност заради неправилно пресметување и неточно евидентирање бр. од година, а износ за задолжување е 496.503,00 денари.

Против наведеното решение на првостепениот орган тужителот поднел жалба до Министерот за финансии кој со Решение У.бр. од година, ја одбил жалбата како неоснована.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Постапувајќи по тужбата на тужителот против ова решение Управниот суд донел Пресуда У-5.бр. од година, со која ја одбил како неоснована, со образложение дека тужениот орган правилно ги применил законските одредби и правилно ја утврдил фактичката состојба.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Според член 2 став 1 од Законот за данок на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија“ број 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07 и 103/08), предмет на оданочување со данокот на додадена вредност е прометот на стоки и услуги кој се врши со надоместок во земјата од страна на даночниот обврзник во рамките на неговата стопанска дејност и увозот на добра.

Согласно член 3 став 1 од истиот закон, промет на добра во смисла на овој закон, претставува пренос на правото на располагање со движен или недвижен материјален имот.

Согласно член 16 став 1 од истиот закон, даночната основа на данокот на додадена вредност е вкупниот износ на надоместокот што е добиен или што треба да се добие за прометот во кој не е вклучен данокот на додадена вредност. Според став 2 од истиот член, под надоместок во смисла на став 1 од овој член, се подразбираат пари, добра, услуги и други бенефиции според

пазарната цена која ја плаќа или треба да ја плати примателот на доброто или корисникот на услугата или некое друго лице.

Според член 76 став 1 од истиот закон, доколку Управата за јавни приходи не може да ја утврди даночната основа врз основа на деловните книги и евиденцијата, врши проценка, додека при проценката треба да бидат земени во предвид сите околности кои би можеле да бидат битни за проценката. Според став 2 точка 3 од истиот член, Управата за јавни приходи врши проценка особено кога деловните книги не се водат точно, уредно или целосно.

Имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, Вишиот управен суд смета дека Управниот суд правилно заклучил дека тужениот орган донел правилна и законита одлука, врз основа на извршена надворешна контрола, сочинетиот записник, односно правилно ги применил одредбите од Законот за данокот на додадена вредност, правилно прифатил дека тужениот орган во законита постапка соодветно го применил материјалниот закон, ја утврдил обврската на тужителот за данок на додадена вредност за даночниот период од 01.01.2010 до 31.12.2010 година, кога му утврдил данок на додадена вредност во износ од 496.503,00 денари.

Судот при одлучувањето ги ценеше жалбените наводи на тужителот дека фактичката состојба е неправилно утврдена, неправилно е констатирано дека постојат неправилности при евидентирање и пресметување на данокот на додадена вредност, тужителот правилно го пресметал овој вид данок, не постојат разлики помеѓу пописот на залихите и готовите производи кај тужителот, дека нема потреба ниту законска обврска од воспоставување посебен магацин за суровини и репро материјали и магацин за производство и магацин за готов производ, неосновано се бара податок за дневно производство, лицето кое се затекнало во просториите кажало дека води работни налози, а од друга страна во деновите кога друштвото не полнело вода работните налози се празни почнувајќи од 05.07.2009 до 07.08.2009 година, но најде дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Управниот суд при донесувањето на одлуката дал доволно образложени причини за решителните факти од кои се раководел, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 357 од Законот за парничната постапка.

## V УЖ.бр.1339/2013 од 19.12.2013 година – одземање на лиценца

Кога во акт на управен орган на странките им е дадена погрешна правна поука, во која стои дека можат да заведат управен спор, наместо да поднесат жалба до второстепениот орган, истите не смеат да имаат (трпат) штетни последици. Од овие причини рокот за жалба на странките, ќе тече од денот на доставувањето на решението на судот, со кое тужбата им е отфрлена.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Тужителите до Управниот суд поднеле тужба за поништување на оспорено Решение на Министерството за економија бр. од година, со кое им е одземена лиценцата за продажба на алкохолни пијалоци.

Постапувајќи по тужбата, Управниот суд утврдил дека со оспореното решение одземена е лиценцата на тужителите заведена под бр. од година, со регистарски бр., а тужителот е должен во малопродажниот објект на ул.„Р.Ч.“ во Скопје, веднаш да престане со продажба на алкохолни пијалоци и истите да ги повлече од малопродажниот објект. Во правната поука е наведено дека против ова решение може да се поведе управен спор пред Управниот суд.

Тужителите постапувајќи по правната поука против ова решение повеле управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд одлучувајќи по тужбата го донел оспореното решение со кое тужбата на тужителите ја отфрлил, со образложение дека во конкретниот случај тужениот орган при донесувањето на оспореното решение сторило повреда на членот 23-в став 4 од Законот за трговија, со тоа што навел погрешна правна поука со која се упатуваат тужителите да поведат управен спор иако согласно законот против оспореното решение тужителите може да поднесат жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен. Исто така Управниот суд во образложението наведува дека согласно член 213 став 6 од Законот за општа управна постапка, против решение по кое може да се изјави жалба, а странката погрешно упатена дека против тоа решение нема место за жалба или дека може да се поведе управен спор, рокот за жалба тече од денот на доставувањето на решението од страна на судот со кое тужбата е отфрлена како недопуштена, ако странката веќе пред тоа не поднела жалба до надлежниот орган.

Вишиот управен суд најде дека решението на Управниот суд е правилно и законито.

Во член 213 став 1 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 38/05, 110/08 и 51/11), со упатство за правно средство странката се известува дали против решението може да изјави жалба или да поведе управен спор или друга постапка пред судот. Согласно став 6 од истиот член, кога против решение по кое може да се изјави жалба, а странката погрешно упатена дека против тоа решение нема место за жалба или дека може да се поведе управен спор, рокот за жалба тече од денот на доставувањето на решението од страна на судот со кое тужбата е отфрлена како недопуштена, ако странката веќе пред тоа не поднела жалба до надлежниот орган.

Вишиот управен суд наоѓа дека во обжаленото решение Управниот суд правилно ги применил законските одредби и правилно утврдил дека на тужителите им е дадена погрешна правна поука, поради што истите не може да имаат штетни последици, поради што рокот за жалба на тужителите ќе тече од

денот на доставувањето на ова решение на судот, со кое тужбата му е отфрлена.

Овој суд ги ценеше наводите во жалбата на тужителите дека е повредено материјалното право и дека со правната поука се упатени на управен спор, но наоѓа дека истите се неосновани и не се од влијание за поинакво одлучување. Правилно утврдил Управниот суд и дал доволно образложени причини за битните факти од кои се раководел при донесувањето на одлуката, а со кое стојалиште во целост се согласува и овој суд.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на решението согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 370 став 1 точка 2 од Законот за парничната постапка.

## VI УЖ-3.бр.25/2014 од 07.02.2014 година – прием во државјанство

Одлука на судот која се однесува за прием во државјанство на Република Македонија за лице кое претходно добило отпуст од државјанство на Република Македонија.

***Од образложението:***

Жалбата е неоснована.

Во постапката, е утврдено дека тужителот поднел барање на ден година заведено под бр. за прием во државјанство на Република Македонија. Постапувајќи по барањето Министерството за внатрешни работи на Република Македонија донело Решение бр. година, со кое барањето се одбива од причина што со Решение на Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Сектор за внатрешни работи Скопје бр. од година, сега тужителот е отпуштен од државјанство на Република Македонија со цел да се стекне со државјанство на Република Турција.

Тужениот орган постапувајќи по жалбата на сега тужителот донел Решение Уп.бр. од година, со кое жалбата се одбива како неоснована бидејќи жалителот не ги исполнува условите предвидени во член 8 од Законот за државјанство.

Тужителот повел управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд со побиваната пресуда оценил дека оспореното решение е правилно и законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е правилна и законита.

Според член 7 став 1 точка 2 од Законот за државјанство („Службен весник на Република Македонија“ број 67/92, 8/04, 98/08 и 158/11), државјанство на Република Македонија со природување може да стекне странец кој лично поднел барање за прием во државјанство на Република Македонија, ако до поднесување на барањето законски и постојано живее на територија на Република Македонија најмалку 8 години. Согласно точка 10 од истиот член, треба да има отпуст од досегашното државјанство или да докаже дека ќе го добие ако биде примен во државјанство на Република Македонија.

Согласно член 8 став 2 од истиот закон, иселеник во смисла на овој закон се смета граѓанин на Република Македонија кој се иселил од Република Македонија во друга држава, освен во матичната земја, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба.

Вишиот управен суд по извршениот увид во списите од предметот наоѓа дека Управниот суд правилно заклучил дека тужениот орган водел правилна и законита постапка и целосно ја утврдил фактичката состојба и правилно го применил материјалниот закон. Правилно прифатил Управниот суд дека тужениот орган, а со тоа и првостепениот орган правилно постапиле кога му го одбиле барањето за прием во државјанство на сега тужителот од причина што истиот не ги исполнува условите предвидени во член 8 од Законот за државјанство, со оглед да истиот бил отпуштен од државјанството на Република Македонија.

Овој суд ги ценеше наводите изнесени во жалбата на тужителот, дека во конкретниот случај погрешно и нецелосно е утврдена фактичката состојба во однос на решителен факт која е матичната земја на тужителот како и дека истиот се иселил во Република Турција, која не е негова матична земја, но наоѓа дека истите се неосновани и неаргументирани и не се од таков карактер што би довеле до поинакво одлучување. Имено, во конкретниот случај тужителот со отпуст на државјанство на Република Македонија од 21.05.2007 година, се стекнал со својство странец, поради што не ги исполнува условите од член 8 од Законот за државјанство. Таквите наводи биле истакнати во постапката пред Управниот суд, на кои наводи Управниот суд дал соодветни правни причини и аргументации за решавачките факти од кои се раководел судот при донесувањето на пресудата, а кои се во целост прифатени од страна на овој суд поради погоре истакнатите причини.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 357 од Законот за парнична постапка и член 7-а од Законот за управните спорови.

## VII УЖ.бр.1298/2013 од 19.03.2014 година – право на паричен надомест како невработено лице

Одлука на судот која се однесува на паричен надоместок исплатен на невработено лице, лице кое останало без работа, од страна на Агенцијата за

вработување. Оспорена одлука на органот, со која се задолжува сега тужителот да го поврати повеќе исплатениот паричен надоместок.

***Од образложението:***

Жалбата е основана.

Од списите во предметот се утврди дека на тужителот Р.В. од Скопје, работниот однос во АД - Скопје, му престанал со отказ поради економски, технички и структурни промени на ден 29.02.2000 година. По поднесено барање до Биро за вработување на Република Македонија Скопје, за признавање право на паричен надоместок како невработено лице со Решение бр. од 03.04.2000 година му било признато право на паричен надоместок и истиот бил корисник на ова право почнувајќи од 01.03.2000 година до вработување, во месечен износ од 3.134,00 денари за првите 12 месеци и месечен износ од 2.507,20 денари за преостанатиот период. На ден 22.09.2010 година сега тужителот поднел барање за признавање на право на разлика на паричен надоместок до Агенција за вработување на Република Македонија-Центар за вработување - Скопје, која со Решение бр. од 24.09.2010 година го прифати предлогот за усогласување на паричниот надоместок и му признал право на паричен надоместок до вработување почнувајќи од 01.03.2000 година до 14.11.2016 година во износ од 4.960,00 денари за првите 12 месеци и износ од 3.968,00 денари месечно за преостанатото време.

Агенција за вработување на Република Македонија - Центар за вработување - Скопје, решавајќи по службена должност во обновена постапка по Решението бр. од 24.09.2010 година донела ново Решение бр. од 08.04.2011 година со кое делумно го поништила во делот за висината на паричниот надоместок и со ова решение му се признава право на паричен надоместок до вработување, односно пензионирање во висина од 3.202,00 денари месечно за првите 12 месеци, а за преостанатото време 2.562,00 денари. Паричните средства во висина од 172.420,00 денари кои тужителот неосновано ги примил како разлика за периодот од 01.03.2000 до 31.10.2010 година, да ги врати веднаш, а најкасно во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. Првостепениот орган во своето образложение наведува дека врз основа на нови факти за исплата на плати и придонеси за вработување за период од 01.01.2000 до 31.12.2008 година, кои побарувања се претворени во траен влог на Република Македонија изготвена е нова пресметка за сега тужителот по потврда за плата бр. од 20.09.2010 година, а за период од 01.03.1999 до 31.12.1999 година по потврда за плата бр. од 09.03.2000 година и не може да се признае повисок износ на платите бидејќи не е платен придонесот за вработување поради што се изврши корекција во висината на паричниот надоместок.

Против решението на првостепениот орган тужителот поднел жалба до Министерството за труд и социјална политика, кој со Решение бр. од 17.08.2011 година ја одбил жалбата како неоснована.

Тужителот со тужба повел управен спор пред Управниот суд.

Управниот суд со побиваната пресуда, ја одбил како неоснована тужбата на тужителот наоѓајќи дека управната постапка е спроведена правилно, а оспореното решение е законито, со образложение дека тужениот орган правилно одлучил врз основа на правилно утврдена фактичка состојба и правилно го применил материјалниот закон, како и дека правилно ги оценил сите прашања и околности кои биле од влијание при донесувањето на оспореното решение.

Вишиот управен суд најде дека пресудата на Управниот суд е незаконита и со истата е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 66 став 1 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија" број 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04, 4/05, 50/06, 29/07, 102/08, 144/08 и 11/12), право на паричен надоместок има невработено лице за времето поминато во работен однос за кое се уплатувани придонеси од задолжително социјално осигурување.

Според член 82 став 2 од истиот закон, Агенцијата има право да бара враќање на средствата со банкарска камата на средства по видување исплатени во име на осигурување во случај на невработеност, во случаи кога правото било остварено врз основа на неточни податоци или лицето кое го стекнало тоа право не известило за промените кои влијаат врз остварувањето и престанувањето на правото, односно ако средствата се ненаменски потрошени од страна на работодавачот.

Во конкретниот случај имајќи ги предвид цитираните законски одредби, Вишиот управен суд наоѓа дека Управниот суд неправилно заклучил кога утврдил дека органите на управата при водењето на управната постапка донеле правилна и законита одлука и правилно ги примениле одредбите од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност. Имено, во конкретниот случај од увидот во списите од предметот произлегува дека во Решението со кое на тужителот му е признато право на паричен надоместок како невработено лице бр. од 03.04.2000 година, како основ за пресметка на паричниот надоместок е износот од просечна месечна нето плата на работникот за последните 12 месеци пред престанокот на работниот однос. Понатаму со Решение бр. од 24.09.2010 година повторно му е признато право на паричен надоместок со образложение дека таквиот надоместок е утврден врз основа на Потврдата бр. од 09.03.2000 година, образец М-4 и извршен увид во доставена документација. Најпосле со последното Решение бр. од 08.04.2011 година со кое е делумно поништено Решението од година се признава право на паричен надоместок на сега тужителот, но во помал износ, а неосновано примените парични средства во висина од 172.420,00 денари истиот треба да ги врати, со образложение дека врз основа на нови утврдени факти за исплата на плати и придонесот за вработување изготвена е нова пресметка за сега тужителот согласно уплатениот придонес за вработување и ценета е нова потврда за плата бр. од 20.09.2010 година, како и претходна потврда за плата бр. од 09.03.2000 година.

Од наведеното останува нејасно и не може со сигурност да се утврди врз основа на кои факти е изведен заклучокот дека тужителот неосновано примил како разлика паричен надоместок во износ од 172.420,00 денари и врз основа на што е изготвена нова пресметка согласно уплатениот придонес за вработување, дотолку повеќе што од страна на органите се наведува како доказ потврда за плата бр. од 20.09.2010 година која не е приложена во списите по предметот. Останува исто така нејасно колкав е точно периодот во кој не се платени продонесите за вработување за тужителот и колкав е износот на истите и какво влијание има на утврдениот износ за враќање на средствата со кои е задолжен тужителот со првостепеното и со оспореното решение, имајќи го во предвид фактот дека не е јасно утврдено во која висина на паричен износ учествува неплатениот придонес при определувањето на паричниот надоместок на сега тужителот како невработено лице во наведениот период, ценејќи го и претходниот период, како и периодот по изготвената нова пресметка за тужителот. Оттука произлегува дека оспореното решение е неправилно и незаконито.

Поради ова следуваше пресудата на Управниот суд да се преиначи и оспореното решение да се поништи.

При ваква состојба на работите Вишиот управен суд наоѓа дека жалбата на тужителот е основана и има потреба од повторно разгледување и одлучување по предметот. При повторната постапка потребно е органите да ги имаат во предвид укажувањата на овој суд, правилно да ја утврдат фактичката состојба и правилно да го применат материјалниот закон и со сигурност да утврдат врз основа на доказите за кој точно период се однесуваат неплатените придонеси за вработување заклучно со 31.12.2008 година, врз основа на која потврда за плата издадена од надлежната служба на - Скопје се раководеле органите при решавањето по службена должност, од каде точно произлезе дека тужителот неосновано примил како разлика паричен надоместок во износ од 172.420,00 денари, колку точно учествува износот на неплатените придонеси во определувањето на паричниот надоместок како невработено лице на тужителот, како и да ја имаат во предвид одредбата од членот 82 став 2 од Закон за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност и особено да утврдат точно дали во конкретниот случај ова право кај тужителот било остварено врз основа на неточни податоци, кој ги дал истите и дали и кој точно требало да извести за промените кои влијаат врз остварување и престанување на правото, врз основа на што да донесат правилно и законито решение.

Поради изложеното судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 7-а од Законот за управните спорови и член 355 од Законот за парничната постапка.